**Имам склучено Договор за финансиска поддршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестициите во рок од 5 9пет) години. Дали за истата инвестиција можам да аплицирам во повикот.**

*Согласно Уредбата, претпријатијата кои имаат веќе склучен Договор со било која владина институција за било каков вид на финансиска поддршка спомната во Уредбата, не може да биде корисник на финансика поддршка за истата инвестиција.*

---

**Кој се трошоците кои не се признаваат како инвестиции**

*Како неоправдани трошоци кои нема да се признаваат како инвестиции се:*

- *Банкарски провизии, трошоци за гаранции од банки или други финансиски институции, провизии за финансиски трансакции или размена на странски валути;*
- *Загуби и останати финансиски трошоци;*
- *Камати во случај на одложено плаќање за средства (капитализирани камати);*
- *ДДВ и други даноци или јавни давачки;*
- *Набавка на репроматеријали;*
- *Увозни такси и давачки (царина);*
- *Решенија, одлуки, мислења, дозволи од органите на централната власт и локалните власти и од нив формирани други инстиуции;*
- *Брендирање, рекламирање и репрезентација;*
- *Трошоци за секој вид на адвокатски, сметководствени и консултантски торшоци, како и изработка на студии и истражувања ;*
- *Патни трошоци поврзани со изградба на објекти или набавка на опрема кои што не се предвидени во договорот за изградба/набавка или со друг правен акт;*
- *Секој вид парични казни, пенали и трошоци за судски спорови;*
- *Трошоци за дизајн и производство на етикети на производите и ставки слични по својата суштина;*
- *Патнички, комерцијални и товарни возила ;*
- *Мебел и аудио-визуелна опрема (како на пример видео бим, проектор, телевизори, музички системи, компјутери, таблети и мотороли кои што се користат од страна на вработените и не се диркетно вклучени во производствениот процес);*
- *Поправки и одржување на згради, инсталации, постројки или опрема;*
- *Трошоци во врска со социјална активност на корисникот;*
- *Осигурување на згради;*

*Листа на неоправдани трошоци, не е конечна и истата може да се менува и/или дополнува за што корисникот навремено ќе биде известен*

---